**20201501925**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите („Службен весник на Република Македонија“ број 151/13, 8/15, 132/15, 147/15, 156/15, 184/15, 229/15, 195/16, 218/16, 88/17, 179/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 183/19), во членот 31 став (2), точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а доколку градбата се гради на повеќе катастарски парцели, кон пријавата се доставува и геодетски елаборат за посебни намени.“

Член 2

Во членот 32 став (2), точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а согласно податоците во геодетскиот елаборат од член 31 став (2) од овој правилник.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 0101-7477/1 | Управен одбор |
| 8 јуни 2020 година | Претседател, |
| Скопје | м-р **Ирма Мандева,** с.р. |